**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 34 став 4 и член 47 став 1 точка 10-а од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕТО СУПЕРВИЗИЈА НАД БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА НЕГОВАТА НАПЛАТА

1. Во Одлуката за методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето супервизија над банките и штедилниците, како и за начинот на неговата наплата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 211/24), точката 1 се менува и гласи:

„1. Со оваа одлука се пропишуваат методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето супервизија над банките и штедилниците во согласност со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, како и начинот на неговата наплата."

2. Во точката 2 потточка 2.1, зборовите: „во согласност со закон" се бришат, а зборовите: „главата IV" се заменуваат со зборовите: „главите III и IV".

3. Во точката 2, потточката 2.2 се менува и гласи:

„2.2 Трошоци за вршење супервизија" се трошоците за организациските единици во Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) од Секторот за супервизија."

4. Во точката 2, потточката 2.3 се брише.

5. Точката 3 се менува и гласи:

„3. Основица за пресметувањето на годишниот надоместок е висината на трошоците за вршењето супервизија над банките и штедилниците во една календарска година. Во трошоците за вршење супервизија се вклучуваат: трошоците за вработените, оперативните трошоци и трошоците за депрецијација и амортизација на основните и нематеријалните средства за организациските единици од Секторот за супервизија.

Висината на оперативните трошоци и трошоците за депрецијација и амортизација на основните и нематеријалните средства се утврдува преку соодносот на бројот на лицата вработени во Секторот за супервизија и вкупниот број вработени во Народната банка.

Бројот на лицата коишто се вклучени во извршувањето супервизија над банките и штедилниците се утврдува со состојба на 31 декември од претходната календарска година.‟

6. Точката 4 се брише.

7. На крајот на точката 6 се додава нова реченица којашто гласи: „Останатиот дел од пресметаниот трошок за таа банка им се распоредува на другите банки.‟

8. Во точката 10, во ставовите 1 и 2, по зборот: „известувањето‟ се додаваат зборовите: „и фактурата‟.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија‟.

**Бр. 02-13636/8**
**17 април 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**